Службен весник на Република Македонија

Број 29 **14 февруари 2018, среда** **година LXXIV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
492.	**Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година.....	2
493.	**Одлука** за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с. Драгоманце, Старо Нагоричане.....	2
494.	**Одлука** за определување на име на автопатот А1 од граничниот премин Табановце до граничниот премин Богородица (Коридор X).....	2
495.	**Одлука** за менување на називот на Аеродромот во Скопје.....	2
496.	**Одлука** за изменување на Одлуката за запирање на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политички партии.....	3
497.	**Правилник** за начинот за остварување на правото на додаток за глувост, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на консилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата од остварување на ова право, формата и содржината на консилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на консилијарно мислење.....	3
498.	**Правилник** за остварување на правото на додаток за слепило и мобилност, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на консилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата од остварување на ова право, формата и содржината на консилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на консилијарно мислење.....	5
	Огласен дел	1-112

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

492.

Врз основа на член 47, став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.2.2018 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/18) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.14 во алинеја 2 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „IV класа, I класа и II класа од ориенталските дополнителни тутуни од типовите Прилеп, Јака, Џебел и Басмак.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1892/1
13 февруари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

493.

Врз основа на член 49, став (3) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.2.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕНОС НА УДЕЛ ВО ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АКВА КОКИНО ДООЕЛ С.ДРАГОМАНЦЕ СТАРО НАГОРИЧАНЕ

1. Се дава согласност за пренос на удел во Друштвото за производство, трговија и услуги АКВА КОКИНО ДООЕЛ с.Драгоманце Старо Нагоричане од страна на отстапувачот на удел Александар Илиевски, со живеалиште на ул.„ Прохор Пчински“ бр.10 Куманово, во својство на основач/сопственик на примателот на уделот Друштвото за производство и трговија ПЕЛИСТЕРКА АД Скопје, со седиште на бул. Кочо Рацин бр.97 Скопје - Центар и со ЕМБС 4010876.

2. Надоместокот за давање на согласноста за преносот на уделот во износ од 674.928,8 денари примателот на уделот е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-328/1
6 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

494.

Врз основа на член 9, став 5 и 6 од Закон за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“, бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.2.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА АВТОПАТОТ А1 ОД ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ТАБАНОВЦЕ ДО ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН БОГОРОДИЦА (КОРИДОР X)

1. Со оваа одлука се определува името на автопатот А1 од граничниот премин Табановце до граничниот премин Богородица (Коридор X).

2. Името од точка 1 на оваа одлука се определува и гласи „Пријателство“.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на име на автопатот Е-75 од граничниот премин Табановце до граничниот премин Богородица (Коридор X), („Службен весник на Република Македонија“ бр.164/2008).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1592/1
6 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

495.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), а во врска со точка 24 од Договорот за концесија за развој, финансирање, користење и одржување на аеродромот „Александар Велики“ во Скопје, аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид и на нов карго аеродром во Штип, помеѓу Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски и TAV Havalimanlari Holding A.Ş и ТАВ Македонија ДООЕЛ, Скопје, склучен на 24.9.2008 година, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.2.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА МЕНУВАЊЕ НА НАЗИВОТ НА АЕРОДРОМОТ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука називот на Аеродромот во Скопје „Александар Велики“ се менува во „Меѓународен Аеродром Скопје“, а во транскрипција, испишано на англиски јазик ќе гласи: „International Airport Skopje“.

Член 2

Оваа одлука да се достави до Министерството за транспорт и врски, ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје и до АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“, за спроведување на потребните активности кои произлегуваат од нејзино реализирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1593/1
6 февруари 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

496.

Врз основа на член 27-б, став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), министерот за правда донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА РЕДОВНО ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Запирањето на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политичките партии во Одлуката број 11-1870/2 од 22.6.2017 година престанува да важи за политичката партија:

- ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ ВО МАКЕДОНИЈА-ПОДЕМ (не се доставени: извештај од регистар на примени донации/ член 25 и годишен финансиски извештај/ член 27).

Оваа одлука е конечна и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ согласно член 27-б став 6 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13).

О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Одлуката за запирање на исплатата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија” број 81/2017 од 30.6.2017 година, Државниот завод за ревизија достави допис број 23-11/16 од 31.1.2018 година со барање за запирање на забраната на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање на политичката партија Партија на обединети демократи во Македонија - ПОДЕМ која ги исполнила обврските за финансиско известување за 2016 година.

Државниот завод за ревизија достави известување дека политичката партија Партија на обединети демократи во Македонија-ПОДЕМ ги исполнила целосно своите обврски за финансиско известување за 2016 година.

Со оглед дека наведената политичката партија ги исполнила условите за запирање на забраната за исплата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија , па согласно член 27–б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука политичките партии можат да поведат управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавување на истата во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-144/8
5 февруари 2018 година
Скопје

Министер за правда,
Билен Саљији, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

497.

Врз основа на член 84-б, став 5 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17), министерот за труд и социјална политика донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОДАТОК ЗА ГЛУВОСТ, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СОСТАВОТ НА ЛЕКАРИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИ ЗА ДАВАЊЕ НА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ И НАОД ВО ПРВ И ВТОР СТЕПЕН ЗА ПОТРЕБАТА ОД ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНЗИЛИЈАРНОТО МИСЛЕЊЕ, КАКО И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за остварување на правото на додаток за глувост, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на конзилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата за остварување на ова право, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарното мислење.

Член 2

За остварување на правото на додаток за глувост се поднесува барање и потребната документација до месно надлежниот Центар за социјална работа.

Член 3

Како тотално глуво лице во смисла на овој правилник се смета лице кај кое оштетувањето на слухот е поголемо од 80 дб во говорнофрекфентното подрачје и кое со слушен аплификатор не може целосно да го перципира вербалниот говор.

Член 4

Барање за остварување на право на додаток за глувост се поднесува од страна на барателот на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на органот до кој што се поднесува барањето, наслов на барањето, податоци за подносителот на барањето, содржина на барањето, наведување на прилози, место за датум на поднесување и за потпис на подносителот на барањето.

Барањето од став 1 на овој член, е дадено во Прилог бр. 1 и истиот е составен дел на овој правилник.

Кон барањето од став 1 на овој член се приложува:

1. важечка лична карта на граѓанинот на Република Македонија, лична карта за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита, која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството;

2. конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности, кое задолжително треба да содржи резултат од аудиограм;

3. трансакциска сметка на подносителот на барањето.

Член 5

Конзилијарното мислење и наод на правото за додаток за глувост во прв степен се дава од страна на тројца лекари специјалисти од следните специјалности: специјалист оториноларинголог, специјалист невролог и аудиометрист.

Конзилијарното мислење и наод од став 1 на овој член, се издава по непосреден преглед на подносителот на барањето, кој се обезбедува преку „Мој термин“, кој се закажува преку матичниот лекар на подносителот на барањето согласно прописите од областа на здравствената заштита.

Конзилијарното мислење и наод од став 1 на овој член, се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на комисијата, број и датум на конзилијарното мислење и наод, наслов на конзилијарното мислење и наод, податоци за прегледаното лице, начин и тек на прегледот, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10, заклучно мислење, место за датум на прегледот, место за потпис на тројцата лекари специјалисти, место за печат и место за потпис на овластено лице.

Образецот од став 3 на овој член, е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 6

Во постапката по поднесена жалба против првостепено решение за остварување на право на додаток за глувост, конзилијарно мислење и наод во втор степен се дава од страна на тројца лекари специјалисти од следните специјалности: специјалист оториноларинголог, специјалист невролог и аудиометрист, кои не го дале мислењето и наод во прв степен.

Конзилијарното мислење и наод од став 1 на овој член се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на комисијата, број и датум на конзилијарното мислење и наод, наслов на конзилијарното мислење и наод, податоци за прегледаното лице, начин и тек на прегледот, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10, заклучно мислење, место за датум на прегледот, место за потпис на лекарите специјалисти, место за печат и место за потпис на овластено лице.

Образецот од став 2 на овој член, е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Висината на надоместокот за издавање на конзилијарно мислење за остварување на право на додаток за глувост изнесува 1.250,00 денари.

Член 8

Издадените конзилијарни мислења и наоди за утврдување на потребата од остварување на право на додаток за глувост се евидентираат во писмена и електронска форма со следните податоци: реден број, број и датум на предметот на Центарот за социјална работа, име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот, број на конзилијарно мислење и наод, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10, и забелешка.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за остварување на правото на додаток за глувост, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на конзилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата за остварување на ова право, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/14 и 164/14).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1459/2
7 февруари 2018 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Мила Царовска, с.р.

Прилог бр. 1

ДО
Ј.У. ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

_____

Б А Р А Њ Е

за остварување на право на додаток за глувост

Од_____, роден/а на _____со ЕМБГ_____, број на лична карта бр._____, со стан на улица:_____бр:_____,од_____, општина _____, телефон_____.

ПРИЛОГ:

1. Конзилијарно мислење/наод во оргинал или копија заверена кај нотар
2. Трансакциона сметка
3. Лична карта на увид

Место и датум

_____

ПОДНОСИТЕЛ,

_____

Прилог бр. 2

Комисија

_____

Број_____

Датум_____

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ/ НАОД

за остварување на право на додаток за глувост

во прв степен

- Презиме, татково име и име на прегледаното лице _____
- Единствен матичен број на граѓанинот _____
- Датум и година на раѓање _____
- Адреса и место на живеење _____

- Наод (дијагноза) _____

- Мислењето се дава (прв, втор или трет пат) _____

- Датум на јавување на повторен преглед (доколку има потреба) _____

- Заклучно мислење може/не може да го оствари правото на додаток за глувост

- Посебни напомени _____

М.П.

СТРУЧНИ ЛИЦА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

1._____

доктор специјалист оториноларинголог

2. _____

доктор специјалист невролог

3. _____

аудиометрист

Прилог бр. 3

Комисиіа

_____

Број_____

Датум_____

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ/ НАОД

за остварување на право на додаток за глувост

во втор степен

- Презиме, татково име и име на прегледаното лице _____
- Единствен матичен број на граѓанинот _____
- Датум и година на раѓање _____
- Адреса и место на живеење _____

- Наод (дијагноза) _____

- Мислењето се дава (прв, втор или трет пат) _____

- Датум на јавување на повторен преглед (доколку има потреба)

_____

- Заклучно мислење може/не може да го оствари правото на додаток за глувост

- Посебни напомени _____

М.П.

СТРУЧНИ ЛИЦА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

1._____

доктор специјалист оториноларинголог

2. _____

доктор специјалист невролог

3. _____

аудиометрист

498.

Врз основа на член 84-а, став 8 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17) министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОДАТОК ЗА СЛЕПИЛО И МОБИЛНОСТ, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СОСТАВОТ НА ЛЕКАРИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИ ЗА ДАВАЊЕ НА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ И НАОД ВО ПРВ И ВТОР СТЕПЕН ЗА ПОТРЕБАТА ОД ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНЗИЛИЈАРНОТО МИСЛЕЊЕ, КАКО И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за остварување на правото на додаток за слепило и мобилност, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на конзилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата од остварување на ова право, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење.

Член 2

За остварување на правото на додаток за слепило и мобилност се поднесува барање и потребната документација до месно надлежниот Центар за социјална работа.

Член 3

Како потполно слепо лице во смисла на овој правилник се смета лице кај кое што постои оштетување на видот од 98 до 100%, односно лице кое што:

- потполно го изгубило осетот за вид (амауроза);

- остатокот на острината на видот на подоброто око со најдобра можна корекција изнесува до 0,02 (броење на прсти на далечина од 1 метар) или помалку;

- остатокот на острината на видот на подоброто око со најдобра можна корекција е од 0,02 до 0,05;

- остатокот на централниот вид на подоброто око со најдобра можна корекција е до 0,14 со намалување на видното поле до 10 степени или

- постои концентрично намалување на видното поле на двете очи со видно поле со ширина од 5 до 10 степени околу централната фиксацијска точка.

Член 4

Како лице со 100% телесен инвалидитет во смисла на овој правилник се смета лице кај кое што постои локомоторна дисфункција и кое што своите основни биолошки и социјални потреби ги извршува само со помош на инвалидска количка без придружник освен во случаи кога истото има умерена, тешка или најтешка ментална попреченост, како и лице со тетраплегија (квадриплегија) кај кое што постои локомоторна дисфункција и кое што своите основни биолошки и социјални потреби ги извршува само со помош на инвалидска количка со придружник, односно лице со:

- системски атрофии кои што примарно го зафаќаат централниот нервен систем;

- екстрапирамидални заболувања и заболувања на движењето;

- други дегенеративни болести на нервниот систем;

- демиелинизирачки болести на централниот нервен систем;

- полиневропатии и други заболувања на периферниот нервен систем;

- болести на мионевралната спојка на мускул;

- хемиплегија;

- параплегија;

- тетраплегија (квадриплегија);

- секвели од цереброваскуларна болест;

- секвели од изгореници, корозии и смрзнатини;

- стекнат недостиг на долни екстремитети;

- секвели од повреди на долни екстремитети;

- воспалителни полиартропатии и полиартроза;
- системски заболувања на сврзното ткиво или
- секвели од полиомиелит и редуцирани дефекти на долени екстремитети.

Член 5

Барање за остварување на право на додаток за слепило или мобилност се поднесува од страна на барателот на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на органот до кој што се поднесува барањето, наслов на барањето, податоци за подносителот на барањето, содржина на барањето, наведување на прилози, место за датум на поднесување и за потпис на подносителот на барањето.

Барањето од ставот 1 на овој член е дадено во Прилог бр. 1 и истиот е составен дел на овој правилник.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се приложува:

1. важечка лична карта на граѓанинот на Република Македонија, лична карта за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита, која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството;

2. конзилијарно мислење и наод од најмалку тројца лекари специјалисти од соодветните специјалности; и

3. трансакциска сметка на подносителот на барањето.

Член 6

Конзилијарно мислење и наод за правото за додаток за слепило во прв степен се дава од страна на тројца лекари специјалисти од следните специјалности: двајца лекари специјалисти офталмолози и еден специјалист невролог.

Конзилијарното мислење и наод од ставот 1 на овој член се издава по непосреден преглед на подносителот на барањето, кој се обезбедува преку „Мој термин“, кој се закажува преку матичниот лекар на подносителот на барањето согласно прописите од областа на здравствената заштита.

Конзилијарното мислење и наод од ставот 1 на овој член се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на комисијата, број и датум на конзилијарното мислење и наод, наслов на конзилијарното мислење и наод, податоци за прегледаното лице, начин и тек на прегледот, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10, заклучно мислење, место за датум на прегледот, место за потпис на лекарите специјалисти, место за печат и место за потпис на овластеното лице.

Образецот од ставот 3 на овој член е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Конзилијарно мислење и наод за правото за додаток за мобилност во прв степен се дава од страна тројца лекари специјалисти кои можат да бидат од следните специјалности: специјалист физијатар, специјалист ортопед, специјалист хирург-трауматолог, специјалист невролог или специјалист интернист.

Конзилијарното мислење и наод од ставот 1 на овој член се издава по непосреден преглед на подносителот на барањето, кој се обезбедува преку „Мој термин“, кој се закажува преку матичниот лекар на подносителот на барањето согласно прописите од областа на здравствената заштита.

По исклучок од ставот 1 на овој член, утврдувањето на правото на додаток за мобилност за лицата со тетраплегија (квадриплегија) се врши со непосреден увид во домот на барателот или по конзилијарно мислење и наод врз основа на отпусно писмо и/или специјалистички извештај.

Конзилијарното мислење и наод од ставот 1 на овој член се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на комисијата, број и датум на конзилијарното мислење и наод, наслов на конзилијарното мислење и наод, податоци за прегледаното лице, начин и тек на прегледот, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10, заклучно мислење, место за датум на прегледот, место за потпис на лекарите специјалисти, место за печат и место за потпис на овластеното лице.

Образецот од ставот 4 на овој член е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

Член 8

Во постапката по поднесена жалба против првостепено решение за остварување на право на додаток за слепило, конзилијарно мислење и наод во втор степен се дава од страна на тројца лекари специјалисти од следните специјалности: двајца специјалисти офталмолози и специјалист невролог, кои не го дале конзилијарното мислење и наод во прв степен.

Конзилијарното мислење и наод од ставот 1 на овој член се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на комисијата, број и датум на конзилијарното мислење и наод, наслов на конзилијарното мислење и наод, податоци за прегледаното лице, начин и тек на прегледот, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10, заклучно мислење, место за датум на прегледот, место за потпис на лекарите специјалисти, место за печат и место за потпис на овластено лице.

Образецот од ставот 2 на овој член е даден во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

Член 9

Во постапката по поднесена жалба против првостепено решение за остварување на право на додаток за мобилност, конзилијарно мислење и наод во втор степен се дава од страна на тројца лекари специјалисти кои можат да бидат од следните специјалности: специјалист физијатар, специјалист ортопед, специјалист хирург-трауматолог, специјалист невролог или специјалист интернист, кои не го дале конзилијарното мислење и наод во прв степен.

Конзилијарното мислење и наод од ставот 1 на овој член се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат, кој содржи: назив на комисијата, број и датум на конзилијарното мислење и наод, наслов на конзилијарното мислење и наод, податоци за прегледаното лице, начин и тек на прегледот, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10, заклучно мислење, место за датум на прегледот, место за потпис на лекарите специјалисти, место за печат и место за потпис на овластено лице.

Образецот од ставот 2 на овој член е даден во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник.

Член 10

Висината на надоместокот за издавање на конзилијарно мислење за остварување на право на додаток за слепило или мобилност изнесува 1.250,00 денари.

Член 11

Издадените конзилијарни мислења и наоди за утврдување на потребата од остварување на право на додаток за слепило или мобилност се евидентираат во писмена и електронска форма со следните податоци: реден број, број и датум на предметот на центарот за социјална работа, име и презиме и единствен матичен број на граѓанинот на барателот, број на конзилијарно мислење и наод, поставен наод, дијагноза и шифра на основната болест согласно МКБ 10 и забелешка.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за остварување на правото на додаток за мобилност и слепило, потребната документација, составот на лекарите специјалисти за давање на конзилијарно мислење и наод во прв и втор степен за потребата од остварување на ова право, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/14 и 164/14).

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1460/2
7 февруари 2018 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Мила Царовска, с.р.

Прилог бр. 1

ДО
Ј.У. ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

_____

Б А Р А Њ Е

за остварување на право на додаток за слепило/мобилност

Од_____, роден/а на _____со ЕМБГ_____, број на лична карта бр._____, со стан на улица:_____бр:_____,од_____, општина _____, телефон_____.

ПРИЛОГ:

1. Конзилијарно мислење/наод во оргинал или копија заверена кај нотар
2. Трансакциона сметка
3. Лична карта на увид

Место и датум ПОДНОСИТЕЛ,

_____ _____

Прилог бр. 2

Комисија

_____

Број_____

Датум_____

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ/ НАОД

за остварување на право на додаток за слепило

во прв степен

- Призиме, татково име и име на прегледаното лице _____
- Единствен матичен број на граѓанинот _____
- Датум и година на раѓање _____
- Адреса и место на живеење _____

- Наод (дијагноза) _____

- Мислењето се дава (прв, втор или трет пат) _____

- Датум на јавување на повторен преглед (доколку има потреба)

_____

- Заклучно мислење може/не може да го оствари правото на додаток за мобилност

- Посебни напомени _____

М.П.

СТРУЧНИ ЛИЦА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

1._____

доктор специјалист офталмолог

2. _____

доктор специјалист офталмолог

3. _____

доктор специјалист невролог

Прилог бр. 3

Комисија

_____

Број_____

Датум_____

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ/ НАОД

за остварување на право на додаток за мобилност

во прв степен

- Призиме, татково име и име на прегледаното лице _____
- Единствен матичен број на граѓанинот _____
- Датум и година на раѓање _____
- Адреса и место на живеење _____

- Наод (дијагноза) _____

- Мислењето се дава (прв, втор или трет пат) _____

- Датум на јавување на повторен преглед (доколку има потреба)

_____

- Заклучно мислење може/не може да го оствари правото на додаток за мобилност

- Посебни напомени _____

М.П.

СТРУЧНИ ЛИЦА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

1._____

2. _____

3. _____

Прилог бр. 4

Комисија

_____

Број_____

Датум_____

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ/ НАОД

за остварување на право на додаток за слепило

во втор степен

- Призиме, татково име и име на прегледаното лице _____
- Единствен матичен број на граѓанинот _____
- Датум и година на раѓање _____
- Адреса и место на живеење _____

- Наод (дијагноза) _____

- Мислењето се дава (прв, втор или трет пат) _____

- Датум на јавување на повторен преглед (доколку има потреба)

_____

- Заклучно мислење може/не може да го оствари правото на додаток за мобилност

- Посебни напомени _____

М.П.

СТРУЧНИ ЛИЦА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

1._____

доктор специјалист офталмолог

2. _____

доктор специјалист офталмолог

3. _____

доктор специјалист невролог

Прилог бр. 5

Комисија

_____

Број_____

Датум_____

КОНЗИЛИЈАРНО МИСЛЕЊЕ/ НАОД

за остварување на право на додаток за мобилност

во втор степен

- Призиме, татково име и име на прегледаното лице _____
- Единствен матичен број на граѓанинот _____
- Датум и година на раѓање _____
- Адреса и место на живеење _____

- Наод (дијагноза) _____

- Мислењето се дава (прв, втор или трет пат) _____

- Датум на јавување на повторен преглед (доколку има потреба)

_____

- Заклучно мислење може/не може да го оствари правото на додаток за мобилност

- Посебни напомени _____

М.П.

СТРУЧНИ ЛИЦА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

1._____

2. _____

3. _____

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2018029